УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
Примено: 24.03.2017
08-472/2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 12-514/2
15.03.2017 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
Битола
Примено: 24.03.2017
01 134/2

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Наставник за одделенска настава" прв циклус студии на Педагошки факултет Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Наставник за одделенска настава" прв циклус студии на Педагошки факултет Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Наставник за одделенска настава,** Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки, научно - истражувачко поле: Општествени науки, научно - истражувачка област: Образование.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Педагошки факултет Битола, прв циклус циклус студиска програма „Наставник за одделенска настава", на 29.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков

Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
Битола
ПРИМЕНО: 15. 08. 2017
Орг. единица: 01 Број: 284/2 Прилози Вредност

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА
Примено: 14. 08. 2017
Организ. единица: 08- Број: 109/1 Прилог Вредност

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр УП1 14-820
09.05.2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии: Наставник за одделенска настава и Македонски јазик и книжевност, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии: Наставник за одделенска настава и Македонски јазик и книжевност, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По донесувањето, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на Решение бр. 17-514/2 од 15.03.2017 година за студиската програма Наставник за одделенска настава и Решение бр. 17-514/2 од 15.03.2017 година за студиската програма Македонски јазик и книжевност, од прв циклус на четиригодишни студии, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, достави барање под нивен број 08-505/20/2 од 29.03.2017 година (под наш УП1 бр. 14-820 од 04.04.2017 година), за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-820 од 18.04.2017 година година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 03.05.2017 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 14-820 од 05.05.2017 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии: Наставник за одделенска настава и Македонски јазик и книжевност, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Билјана Јуруковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити